РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3134/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за средното образование, по скратена постапка.



[1] 08-3134/1 [2026]

**Пратеници:**

[illegible]

Оливер Спасовски

[illegible]

[illegible]

Славјанка Петровска

Fatmir Bytyqi

Даниела Николова

Димитар [illegible]

Јован Митрески

Миле Талевски

Ѓорѓе Цветков

[illegible] Николоски

Благој Бочварски

Предлагачи : Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2026 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25),се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието.

Во рамките на овој закон, со член 24-б се уредува поддршката за учениците кои постигнуваат значајни резултати на меѓународни натпревари и олимпијади како и доделувањето парични награди и покривањето на одредени трошоци за учество. Имајќи ја предвид потребата од дополнително унапредување на системската поддршка, се предлага измена, со која Министерството ќе може, на барање на акредитираните здруженија на наставници, да ги покрива трошоците за котизација, превоз, сместување и надоместок за храна на учениците за учество на меѓународни натпревари.

Во последните години учениците од Република Северна Македонија постигнуваат врвни резултати на престижни европски и светски олимпијади и натпревари, освојувајќи први места, медали и признанија. Овие успеси се потврда за квалитетот, знаењето и потенцијалот што го поседуваат нашите ученици и наставници, но истовремено покажуваат дека интересот за учество на вакви натпревари е значително зголемен. Сепак, високите трошоци за котизации, патувања и престој често претставуваат сериозна пречка за редовно и пошироко учество на учениците.

Поддршката на овие ученици е од особено значење за државата, бидејќи тие претставуваат вистински амбасадори на македонската наука, знаење и талент на меѓународно ниво. Нивните успеси го афирмираат образовниот систем, го подигнуваат угледот на државата и претставуваат силна мотивација за другите ученици да се насочат кон науката и истражувањето.

Од наведените причини се предлага измена на Законот за средното образование.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овој закон е да се обезбеди поголема финансиска поддршка за учество на учениците на меѓународни натпревари и олимпијади преку покривање на трошоците за превоз, сместување и трошоци за храна.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за средното образованиеи, Собранието да расправа по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ,

### Член 1

Со Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25), во член 24-б ставот (1) се менува и глси:

„Министерството, за освоено прво, второ или трето место, односно освоен златен, сребрен или бронзен медал, на ученикот, наставникот кој му го предава предметот и на менторот кој го подготвува ученикот за меѓународен натпревар, поединечно им доделува парична награда во износ од 100% за освоено прво место/златен медал, од 80% за освоено второ место/сребрен медал и од 60% за освоено трето место/бронзен медал, од просечната нето-плата исплатена по работник во Републиката во претходната година.”.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Министерството, на барање на акредитираните здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар од ставот (1) на овој член и на олимпијада од ставот (4) на овој член ги покрива трошоците за котизација, превоз, сместување и надоместок за храна на ученикот и наставникот кој му го предава предметот и на менторот кој го подготвува ученикот за меѓународниiот натпревар односно олимпијадата.”.

### Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за средното образование содржи 2 члена.

Со член 1 се уредува доделување парични награди на учениците, наставниците и менторите за освоени награди на меѓународни натпревари и олимпијади, како и покривање на сите трошоците за нивното учество.

Со член 2 е уредено влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог-закон се меѓусебно поврзани, како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Од предложеното законско решение ќе произлезе поголема достапност на меѓународните натпревари и олимпијади за талентираните ученици, преку намалување на финансиските пречки за нивно учество. Се очекува зголемување на бројот на учесници и на постигнатите резултати, како и поголема меѓународна афирмација на државата преку успесите на учениците. Воедно, предложеното решение ќе придонесе за поголема мотивација кај младите за изучување на математиката, информатиката и природните науки и за создавање идни стручни кадри во дефицитарни области.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 24-б

(1) Министерството, за освоено прво, второ или трето место, односно освоен златен, сребрен или бронзен медал, на ученикот, наставникот кој му го предава предметот и на менторот кој го подготвува ученикот за меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки (во натамошниот текст; меѓународниот натпревар), поединечно им доделува парична награда во износ до 100% за освоено прво место/златен медал, до 80% за освоено второ место/сребрен медал и до 60% за освоено трето место/бронзен медал од просечната нето-плата исплатена по работник во Републиката во претходната година.
(2) Под меѓународен натпревар од ставот (1) на овој член, се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави и се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат.
(3) За меѓународни натпревари кои се спроведуваат по електронски пат на далечина, Министерството не доделува парична награда од ставот (1) на овој член.
(4) Министерството за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 15 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот, наставникот кој му го предава предметот и на менторот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата, поединечно им доделува еднократна парична награда во износ од пет просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година за освоен златен медал, четири просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година за освоен сребрен медал и три просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година за освоен бронзен медал.
(5) За доделување на паричната награда од ставовите (1) и (4) на овој член, Министерството објавува јавен повик еднаш во годината, на кој барање поднесуваат ученикот, наставникот од средното училиште кој му го предава предметот и менторот. Барањето може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Министерството, на барање на акредитираните здруженија на наставници за учество на олимпијади од ставот (4) на овој член, може во текот на една година да ги покрие трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу двајца ментори за учество на по една олимпијада, чиј број зависи од правилата на организаторите на меѓународната олимпијада.
(7) За покривањето на трошоците од ставот (6) на овој член, Министерството објавува јавен повик на својата интернет страница во првите три месеци од

годината, на кој поднесуваат барање акредитираните здруженија на наставници за учество на олимпијади. Барањето може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(8) Здружението на наставници по јавниот повик од ставот (7) на овој член, до Министерството поднесува барање со следната документација во прилог, и тоа:
- известување за извршен избор на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите,
- известување за ментори на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите,
- известување од организаторот на меѓународен натпревар за висината на котизацијата за учество на натпреварот и
- пресметка за висината на патните трошоци.
(9) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (8) на овој член, ги пропишува министерот.
(10) Доставените барања од ставот (8) на овој член, ги разгледува комисија формирана од министерот, која е составена од пет члена, од кои тројца се претставници од Министерството, еден од Бирото и еден од Центарот. Еден член од комисијата е претседател, кој го определува министерот.
(11) Комисијата од ставот (10) на овој член, изготвува извештај со предлог листа на здруженија на наставници на кои ќе им се покријат трошоците од ставот (6) на овој член, во рок од 15 дена од приемот на барањето од ставот (8) на овој член.
(12) Министерот врз основа на извештајот од ставот (11) на овој член, донесува решение за покривање на трошоците од ставот (6) на овој член, во рок од 15 дена од денот на добивање на извештајот. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(13) Здружението на наставници, во рок од три месеци по завршување на олимпијадата, е должно до Министерството да достави извештај за постигнатите резултати и преглед за наменското искористување на доделените наменски средства за учество на олимпијадата.
(14) На акредитирано здружение на наставници, кое е организатор на меѓународна олимпијада која се одржува во Република Северна Македонија, Министерството може да му додели средства за трошоците за организирање на меѓународната олимпијада, по поднесено барање до Министерството.
(15) Средствата од став (14) на овој член, се во висина до 10% од вкупната сума на средства за трошоците за организирање на меѓународната олимпијада, но не повеќе од 10.000 евра во денарска противвредност на денот на исплатата.

(16) Кон барањето од ставот (14) на овој член, се приложува доказ дека акредитираното здружение на наставници е избрано да ја организира меѓународната олимпијада, периодот кога ја организира и финансиски план за трошоците за организирање на меѓународната олимпијада.
(17) Акредитирано здружение наставници од ставот (14) на овој член, во рок од два месеци по завршување на меѓународната олимпијадата, е должно до Министерството да достави извештај и преглед за наменското искористување на доделените наменски средства од ставот (15) на овој член.
(18) Ако доделените средства од ставот (15) на овој член, не се искористат во целост, односно доколку се искористат ненаменски, спротивно на финансискиот план од ставот (16) на овој член, акредитираното здружение на наставници е должно да ги врати во буџетот на Министерството, во рок од два месеци по завршување на меѓународната олимпијадата.
(19) Министерството може, на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународна олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование, да му додели еднократна награда во висина од просечна нето-плата исплатена по работник во Републиката во претходната година пред доделувањето на паричната награда.
(20) Начинот на доделувањето на еднократната награда од ставот (19) на овој член, на предлог на Бирото, го утврдува министерот.